До сите Матични лекари во Установи од Примарна здравствена заштита и офталмолози во секундарна здравствена заштита во РМ

ЈЗУ У Клиника за очни болести Скопје

Предмет: Известување за правилно упатување

Почитувани колеги,

Во неколку наврати се обративме до Министерството за здравство заради проблемите кои настануваат со закажувањето на пациентите во „Мој термин" кај Асс.Др.Беким Татеши.

Според распоредот за работа на лекарите во ЈЗУ У Клиника за очни болести Скопје, Асс.Др.Беким Татеши во среда е во општа амбуланта каде се прегледуваат широк спектар на дијагнози, но не и деца со РОП (прематурна ретинопатија)и страбизам за кои дијагнози докторот има посебни денови во неделата. Напразно е доаѓањето на пациенти-деца кои во овој ден не можат да бидат соодветно прегледани бидејќи лекарот во тој ден работи во амбуланта за возрасни, каде нема соодветна апаратура што се користи за преглед и третман на деца. Во „Мој термин" во табелата со термини стои „забелешка" за видот на прегледите кои се вршат за секој ден во неделата.
И покрај тоа повторно се случува истото, да бидат упатувани пациенти во погрешен ден односно термин.Бидејќи ова се случува постојано, на овој начин ве известуваме да ги закажувате пациентите кај Асс. Др.Беким Татеши според следното:
**Во Понеделник - на име на докторот да се закажуваат исклучиво пациенти со Страбизам и детска општа офталмологија(деца и млади)**
**Во Среда - на име на докторот да се закажуваат исклучиво пациенти со дијагноза од општа офталмологија (возрасни)**
**Во Петок - на име на докторот да се закажуваат исклучиво пациенти со дијагноза РОП (само бебиња со дијагноза Прематурна ретинопатија)**

Ви благодариме за разбирањето!

05.05.2014 г.

Скопје

ВД Директор,

Др.Илјаз Исмаили

D-r Iljaz Ismaili
specijalist - oftalmolog
725307